

МАТЕРИЈАЛИ ЗА УЧЕЊЕ ПО ПРЕДМЕТОТ

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

# 8

ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ДРУГИТЕ ЗАЕДНИЦИ ЗА ОСМО ОДДЕЛЕНИЕ

Марија Ристова

Биро за развој на образованието

МАТЕРИЈАЛИ ЗА УЧЕЊЕ ПО ПРЕДМЕТОТ

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

# 8

ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ДРУГИТЕ ЗАЕДНИЦИ ЗА ОСМО ОДДЕЛЕНИЕ

Марија Ристова

Биро за развој на образованието

# СОДРЖИНА

ТЕМА I

## ЈАС И ДРУГИТЕ - СЕКОЈДНЕВНИ АКТИВНОСТИ И ХОБИ

ЛЕКЦИЈА 1. МОЕТО СЕКОЈДНЕВИЕ ........ 6
ЛЕКЦИЈА 2. УТРИНСКО СЕКОЈДНЕВИЕ ........ 8
ЛЕКЦИЈА 3. МОЕ ХОБИ ........ 12
ЛЕКЦИЈА 4. СЕКОЈ ИМА СЛОБОДНО ВРЕМЕ ........ 15
ЛЕКЦИЈА 5. ЧАС ЗА АКТИВНОСТИ ........ 19
ЛЕКЦИЈА 6. ВО СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ ........ 22

ТЕМА I

## МОЕТО СЕМЕЈСТВО – СЕМЕЕН ИЗЛЕТ, ПРОСЛАВИ, РОДЕНДЕНИ, ПРАЗНИЦИ, НОВА ГОДИНА, ПОДАРОЦИ, ГОСТИ

ЛЕКЦИЈА 7. МОЕТО СЕМЕЈСТВО Е ........ 28
ЛЕКЦИЈА 8. ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА СЕМЕЈСТВОТО ........ 32
ЛЕКЦИЈА 9. МОЕТО ПОШИРОКО СЕМЕЈСТВО ........ 37
ЛЕКЦИЈА 10. СЕМЕЕН ИЗЛЕТ ........ 40
ЛЕКЦИЈА 11. СЕМЕЈНО ДРВО – ПОСТЕР СО ЧЛЕНОВИ НА ПОТЕСНОТО И ПОШИРОКОТО СЕМЕЈСТВО ........ 43
ЛЕКЦИЈА 12. ПРОСЛАВИ ........ 46
ЛЕКЦИЈА 13. РОДЕНДЕН ........ 50
ЛЕКЦИЈА 14. ПРАЗНИЦИ ........ 53
ЛЕКЦИЈА 15. ЧИТАМЕ И СЕ ПРОВЕРУВАМЕ ........ 58



# ТЕМА 1

## ЈАС И ДРУГИТЕ – СЕКОЈДНЕВНИ АКТИВНОСТИ И ХОБИ

ЛЕКЦИЈА 1

# МОЕТО СЕКОЈДНЕВИЕ

## СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

### Еден обичен ден

Јана живее во главниот град, во Скопје. Таа секој ден се соочува со урбаниот хаос, метеж од луѓе и возила, автобуси и пешаци. Таа е **одлична** ученичка и е осмо одделение. Учи во училиштето кое е блиску до **нејзиниот** дом. Станува рано, се подготвува и брза да стигне пред да заѕвони **училишното** ѕвонче. По часовите, со другарките често останува во **блискиот** парк и си раскажуваат **интересни** случки. Во **слободното** време сака да танцува. Арбен и Лејла учат заедно со Јана. Тие живеат подалеку и на училиште доаѓаат со автобус. **Добри** другари се со сите во одделението. Арбен сака да биде **најдобар** во сè, поради што во текот на секој **работен** ден најмногу време посветува на учење. По часовите, посетува курс по информатика и спортува. Лејла е **подобра** ученичка од Арбен, но е **послаба** од Јана. Таа во **слободното** време слика.



## РАЗГОВАРАМЕ

1. Каде живеат Јана, Лејла и Арбен?
2. Кое одделение е Јана?
3. Кои се другите соученици на Јана?
4. Каков ученик е Арбен?
5. Што прави Лејла во слободното време?
6. Каде се среќаваат другарите по часовите?





## РЕЧНИК

соочува, соочувам, соочуваш,
слика, сликам, сликаш
град, градови
урбан, урбана, урбано, урбани
хаос, метеж.

**Главен** – прв по важност.
Пример: Тој е главен во компанијата. Таа е главен лик во книгата.

**Град** – големо населено место.
Пример: Штип е град кој се наоѓа во Источна Македонија.

**Град** – смрзнати капки дожд (природна појава).
Пример: Годинава градот ги уништи јаболката.

**Хаос** – голем неред, нема ред.
Пример: Денес беше хаос во автобусот. Хаосот во мислите ме уништи.

**Соочува** (лице в лице).
Пример: Денес се соочив со мојот другар.

**Урбан** – градски.
На пример: Скопје е урбано место за живеење.

**Метеж** – многу народ на едно место.
На пример: Денес на пазарот имаше многу метеж.

**Слика** – создава, црта со молив и бои.
Пример: Сликаше во природна големина.

**Слика** – опишува со зборови.
Пример: Го слика селото во 19 век.

## Вежба

**1.** Пополнете ги празните места!

Јана е ………………………… ученичка. Со неа учат ………………………… другари, Арбен и Лејла.

Арбен во ………………………… време сака да спортува. Лејла е ………………………… другарка на Јана и Арбен. Сите по часовите одат во ………………………… парк.

**2.** Со **придавките:** вредна, вреден, исполнителна, исполнителен, одлична, одличен, добра, добар, најдобра, најдобар, подобар, подобра, опиши ги:

Јана ………………………………………….

Лејла ………………………………………….

Арбен ………………………………………….



ЛЕКЦИЈА 2

# УТРИНСКО СЕКОЈДНЕВИЕ

## СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

### Кога е баба среќна?

Сè уште спијам, а под носот го чувствувам **пријатниот** мирис на **свежо печената** пита. Знам, баба се разбудила најрано од сите дома и тивко подготвила појадок. Чудна е таа. Иако е **најстара** во семејството, сепак е **највредна**. Стануваме, а баба веќе поставила појадок на масата. Еден по еден се служиме брзајќи да стигнеме навреме, децата на училиште, родителите на работа. **Цело** време баба е тука околу нас, да ни придржи нешто, да ни подаде, поднамести и со ведрина нè испраќа до вратата. Потоа, потсредува дома, го подготвува ручекот и чека повторно да нè собере околу масата. **Домашните** обврски за баба се **нејзини секојдневни** активности, но и **најубаво** хоби.

Сите сме задоволни. Тогаш баба е среќна.

## РАЗГОВАРАМЕ

1. Кога станува бабата?
2. Опиши ја бабата со три збора!
3. Кои се секојдневните активности на бабата?
4. Кое е нејзиното хоби?
5. Кога е среќна бабата?







## РЕЧНИК

разбуди, разбудам, разбудиш;
придржи, придржам, придржиш;
собери, собирам, собираш;
мирис, мириси;
пита,пити;
обврска, обврски;
појадок, појадоци;
активност, активности;
ведрина;
хоби;
среќен, среќна, среќно, среќни;
свеж, свежа, свежо, свежи;
пријатен, пријатна, пријатно, пријатни;
задоволен, задоволна, задоволно, задоволни.

**Пријатен** – нешто што предизвикува уживање.
Пример: Со неа имав пријатен разговор.

**Пријатен** – во насока на добар.
Пример: Него го сметаа за пријатен човек.
Изрази: пријатен ручек, пријатна работа, пријатен одмор.

**Свеж, свежа, свежо, свежи** – сегашно. Пример: свежа храна, свежа пита.
Но: Ноќта беше свежа (студена).

**Ведрина –** чистота.
Пример: Ведрина полна со сонце.

**Ведрина –** радост, веселост, спокој.
Пример: Со својата ведрина умееше да нè расположи.

### Споредуваме

**Како на твојот мајчин јазик се вели: Трпезата за некои е најдоброто хоби?**

## ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

Степенување на **придавките** е карактеристично само за описните придавки.

На пример, некој предмет може да биде мал, некој да е уште помал, а некој во споредба со другите да е најмал. Со овие зборови се прави споредување на некоја заедничка особина.

Има **два споредбени степена**, кои се образуваат со претставки кои се додаваат пред основната форма (ПОЗИТИВ) и се пишуваат заедно со придавката.

- **КОМПАРАТИВ (ПО)** – се споредуваат две нешта.
  Пример: добар – **по**добар.
- **СУПЕРЛАТИВ (НАЈ)** – се споредуваат повеќе нешта.

Пример:

добар – **нај**добар

Пример:

мал – помал – најмал,

голем – поголем – најголем,

убав – поубав – најубав,

млад – помлад – најмлад,

стар – постар – најстар.

## Вежба 1

**Пред точните реченици ставете √, пред неточните X!**

1. Бабата ретко помага во секојдневните активности дома. ..........
2. Бабата е секогаш расположена да подготви храна. ..........
3. Кога е дома, бабата често спие. ..........
4. Бабата не ги испраќа децата на училиште. ..........
5. Сите во семејството се задоволни. ..........
6. Бабата има слободно време. ..........

## ЗАДАЧА

**Споредете ја вашата баба со бабата од текстот! Користете ги придавките подолу:**

убава, поубава, најубава, висока, повисока, највисока, ниска, пониска, најниска, вредна, повредна, највредна, брза, побрза, најбрза, млада, помлада, најмлада, стара, постара, најстара, добра, подобра, најдобра...

..........

..........

..........





**ЛЕКЦИЈА 3**

# МОЕ ХОБИ

## СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

### Моето хоби

**Арбен**: Моето омилено хоби е мојот омилен спорт, а тоа е одбојка. Одам на тренинг секој понеделник и петок, но јас сакам да тренирам секој ден. Играм одбојка веќе шест месеци и навистина сакам да станам успешен одбојкар во иднина.

**Иван:** Јас сакам да искачувам врвови, да шетам со планинарите. Секој искачен врв е успех за нив. Немам кондиција, но ќе се потрудам повеќе. Пешачам секоја вечер покрај Вардар.

**Јана**: Во слободното време одам на балет. Многу сакам да танцувам и да постигнам светска слава. Се надевам дека желбата ќе ми се исполни.

**Лејла**: Моето хоби е сликањето. Сликам на платно и моите слики наоѓаат купувачи. Тоа ме прави горда и ме поттикнува на работа. Но, наоѓам време и да пешачам. Тоа е добро за здравјето.

## РАЗГОВАРАМЕ

1. Што прават ликовите од текстот кога имаат слободно време?
2. Какво хоби има секој од ликовите во текстот?
3. Со кој од ликовите од текстот сакаш да го поминеш твоето слободно време. Зошто?
4. Што правиш ти во слободното време?
5. Дали имаш свое хоби?

## РЕЧНИК

**тренинг, тренинзи**
**врв, врвови**
**слава**
**слави, славам, славиш**

**Хоби** – пријатна работа која сакаме да ја правиме, омилен/-а/-о/-и).

**Тренинг** – постојано вежбање, одбојка, успешен одбојкар, искачувам, кондиција, балет, успех, поттик, поттикнува (се стреми кон нешто да го направи најдобро).

**Врв/врвови** – највисоко нешто. Примери: планински врв, иглен врв, врв во литературата, врв во однесувањето.

### Споредуваме

**Како на твојот мајчин јазик се вели: Хобито е добро само ако нè прави среќни?**

## ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

**Глаголи** – зборови кои означуваат работа, дејство, состојба.

Да ги разгледаме глаголите: **оди**, **шета**, **сака**, **прави**, **тренира**, **игра**, **искачува**, **се труди**, **танцува**, **постигнува**, **се надева**, **слика**, **поттикнува**, **пешачи.**

Сите глаголи се употребени во потврдна форма.

- **Потврдна форма** на глаголите – искажуваме согласување дека нешто правиме.
- **Одречна форма** на глаголите – искажуваме дека нешто не сакаме или нема да правиме.

Се прави со негацијата **НЕ** + глаголот.

На пример: Чита, трчам, учеше/Не чита, не трчам, не учеше.

Потврдна и одречна форма се прави и со зборовите **ИМА/НЕМА**.

На пример: Имам време/немам време. Имав време/немав време.





## Вежба 1

**1. Избери глаголи од текстот „Моетото хоби“ и напиши ги во одречна форма!**

........................................ ........................................

## Вежба 2

1. Земете четири различни боички! Обојте ги со иста боја полињата кои ќе ги поврзете со имињата и нивното хоби според текстот „Моето хоби“! Пополнете ги празните места во зависност од тоа што прават ликовите во слободното време!

| | |
|---|---|
| танцува | Арбен секој ден ................ на тренинг. |
| тренира одбојка | Секој ден Иван ................. |
| пешачи | |
| планинари | Јана ................ балет во слободното време |
| слика/црта | Хоби на Лејла е ................. |
| оди на тренинг | Лејла во слободното време сака и да ................. Тоа е добро за здравјето. |

## Вежба 3

**Работа во парови.**

Направете краток дијалог во кој ќе го претставите вашето хоби и ќе го/ја прашате другарот/другарката за неговото/нејзиното хоби! Користете ги формите на глаголите, на пример: читам, трчам, сакам да правам итн.!

А ........................................ В ........................................

........................................ ........................................

**ЛЕКЦИЈА 4**

# СЕКОЈ ИМА СЛОБОДНО ВРЕМЕ

## СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

**1.** Јас сум Марија. Живеам во Македонија. Во слободното време пешачам и се среќавам со пријателките. За викенд не сакам да останам дома. Со семејството сакам да одам на планина или на море.

**2.** Јас сум од Велес. Се викам Сем. Многу сакам да патувам и да посетувам нови места. Во слободното време играм кошарка и излегувам со пријателите. Не сакам кога врне. Тогаш останувам дома и гледам телевизија.

**3.** Моето име е Сузана. Живеам во Скопје. Не сакам да јадам храна од ресторан. Уживам во слободното време и најмногу сакам да готвам. Тогаш ги поканувам другарките и им подготвувам вкусна храна. За викенд играм тенис, си ја средувам собата, читам и слушам музика.

## РАЗБИРАМЕ/РАЗГОВАРАМЕ

– Која е Марија, каде живее?
– Што прави Марија во слободното време?
– Што сака, а што не сака да прави Марија за викенд?
– За кој станува збор во вториот текст? Опиши го Сем!
– Што најмногу сака да прави Сем во слободното време?
– Што не сака Сем? Што прави кога врне?
– Опиши ја Сузана, каде живее и што прави!
– Што намногу сака да прави во слободното време? Зошто?
– Што прави Сузана во слободното време за викенд?



ЗА СЕБЕ ИЗБЕРИ ЕДЕН ОД ПОНУДЕНИТЕ ОДГОВОРИ ВО ВТОРАТА КОЛОНА:

| | |
|---|---|
| Дали имаш слободно време? | Имам/немам слободно време. |
| Како наоѓаш слободно време? | Лесно наоѓам слободно време.<br>Тешко наоѓам слободно време.<br>Кога ќе ги завршам обврските во денот. |
| Кога имаш слободно време? | Навечер, во викенд, преку лето, секој ден... |
| Што правиш во слободното време? | Сакам да спортувам, читам, гледам телевизија, свирам, танцувам, готвам, спијам, чистам, шетам со пријателите... |
| Дали имаш хоби? Кое? | Фотографирање, пливање, цртање, пишување, изработка на... и друго. |
| Како ќе одговориш кога пријателот ќе те покани на дружење во слободното време? | Ќе одвојам слободно време за тебе.<br>Не ми го троши слободното време. |



## ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

Глаголи се зборови кои искажуваат работа, дејство, состојба.

Се разликуваат:

**Прости глаголски форми:**

сегашно време и минато определено време.

Пример: читам, учиме, пешачев.

**Сложени глаголски форми:**

минато неопределено време и идно време.

Пример: сум читал, сме гледале, ќе одам.



## РЕЧНИК

**шета, шетам, шеташ;**
**постига, постигам постигаш;**
**се надева, се надевам, се надеваш;**
**исполни, исполнам, исполниш;**
**тренира, тренирам, тренираш;**
**поттикнува, поттикнувам, поттикнуваш;**
**игра, играм, играш;**
**трча, трчам, трчаш;**
**слика, сликам, сликаш;**
**искачува, искачувам, искачуваш;**
**танцува, танцувам, танцуваш;**
**работа;**
**танц, танци;**
**успех, успеси;**
**слика, слики;**
**планинар, планинари;**
**желба, желби;**
**светска, светско, светски.**

Примери:

– Јас играм одбојка секој ден.

– Пешачам секој ден, корисно е.

– Весна трча.

– Се надева дека желбата ќе ѝ се исполни.

– Успехот ме поттикнува за работа.

## Вежба 1

**Подвлечи ги глаголите во текстот!**

Мирјана и Мелиса учат во исто одделение и се најдобри другарки. Често заедно прават проекти за во училиште. Мирјана најмногу сака да оди на театар, а Мелиса сака да чита. Во слободното време се дружат и заедно се забавуваат. Понекогаш играат шах во дворот. Кога Мирјана игра тенис, Мелиса гледа телевизија.

## Вежба 2

**Избери од понудените глаголи и искази и напиши што правиш/не правиш во слободното време!**

учам, спијам, гледам телевизија,
готвам, читам, играм игра, пливам,
разговарам на телефон, слушам музика,
одам на гости, цртам, чистам

| ПРАВАМ | НЕ ПРАВАМ |
|---|---|
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |

ЛЕКЦИЈА 5

# ЧАС ЗА АКТИВНОСТИ

## СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

Јана има 15 години, а нејзиниот брат, Иван, 11. Добро се согласуваат. Нивната мајка, Марија, е докторка и рано оди на работа. Татко им, Никола, е наставник по Физичко. Тој на работа оди подоцна од неговата сопруга. Нивниот стан е на првиот кат во висококатницата на булеварот во Скопје. Со нив живеат и нивните баба и дедо. Тие се среќно семејство.

Вејз е соученик на Јана. Тој живее во истата зграда, но на 9. кат. Среќа што во зградата има лифт. Неговото семејство е поголемо од семејството на Јана. Има двајца браќа, Исмаил, 12 и Баран, 8 години. Зехра е нивната најмала сестра, миленичка. И тие живеат со родителите на татко им, нивните баба и дедо, кои се постари од родителите на Јана. Имаат продавница и родителите рано заминуваат на работа.

## РАЗБИРАМЕ/РАЗГОВАРАМЕ

– Каде живее Јана, а каде Вејз?

– Кои членови го сочинуваат семејството на Јана?

– Колку членови брои семејството на Вејз?

– Што се по професија родителите на Јана?

– Каде работат родителите на Вејз?





## РЕЧНИК

**согласува, согласувам, согласуваш;**
**заминува, заминувам, заминуваш;**
**висококатница, висококатници;**
**булевар, булевари;**
**зграда, згради;**
**кат, ката (пет, дваесет), катови (погорните);**
**лифт, лифтови;**
**соученик, соученици;**
**сопруг, сопруга**
**миленик, миленичка**

Примери:

**1.** Каде живее тој?

– Во висококатницата, на седмиот кат е.

**2.** Дали ти живееш на повисоките катови?

– Да, на деветтиот кат, затоа одам со лифт до горе.

**3.** Од каде го познаваш?

– Тој е мој соученик, со него учам.

**4.** Булеварот е широка и голема улица со повеќе ленти во две насоки.

**5.** Таа е миленичка на сите, значи, сите ја сакаат.

### Споредуваме

**Како на твојот мајчин јазик се вели: Големо семејство – голема среќа?**

## ВЕЖБИ И ЗАДАЧИ

### Вежба 1

**Јас ќе прашувам, ти одговарај.**

Поделете се во парови! Напишете прашања што ќе почнуваат со КОЈ и ќе се однесуваат на текстовите за двете семејства! Откако ќе ги напишете, поставувајте си ги наизменично!

На пример:

– Кој е поголем, Вејз или Зехра?
Поголем е .................................................................

– Кој е помал, Јана или Иван?
Помал е .................................................................

– Кој е најстар во семејството на Јана? .................................................................

Продолжете:

.................................................................
.................................................................
.................................................................
.................................................................
.................................................................
.................................................................
.................................................................
.................................................................
.................................................................

## Задача 2

**оди, има , живее, живеат, имаат, заминуваат**

**Допиши еден од понудените глаголи и заврши ги речениците:**

– Мајката на Јана е докторка и рано ............ на работа.

– Родителите на Вејз ............ продавница.

– Јана ............ во иста висококатница со Вејз.

– Родителите на Вејз заедно ............ на работа.

## Задача 3

**Истражувај на интернет и одговори на прашањата во табелата! Работи самостојно!**

**Одговори на прашањата и спореди ги одговорите со соучениците! Веројатно ќе добиете различни одговори на прашањата. Разговарајте за тоа!**

Кој е најпознатиот човек на светот? ............

Која е најубавата жена на светот? ............

Кој е најпознатиот пејач на светот? ............

Кој е најуспешниот спортист на светот? ............

Кој игран филм е најдобар на сите времиња? ............

## Задача 4

**Дадена е табела со три колони. Во првата се напишани придавки во својата основна форма. Напиши ги во компаратив и суперлатив! Од нив образувај реченици кои ќе претставуваат една мала целина!**

| | | |
|---|---|---|
| висок | повисок | највисок |
| голем | | |
| убав | | |
| добар | | |
| познат | | |
| успешен | | |

ЛЕКЦИЈА 6

# ВО СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ

## ЧИТАМЕ/СЛУШАМЕ

**Мирјана:** Попладне со мајка ми сме сами дома. Јана, викни ја Лејла и дојдете заедно да ја направиме презентацијата по Македонски јазик.

**Јана:** Во ред, подобро ќе биде заедно да работиме, така побрзо ќе завршиме и ќе имаме повеќе слободно време. Ќе дојдеме со Лејла, ние веќе се договоривме да се видиме.

**Мирјана:** Супер! Со тебе нека дојде и мајка ти. Мама ми рече дека се виделе претпладнево и веќе ја поканила. Тие ќе пијат кафе, ние ќе работиме. Ако завршиме брзо, ќе имаме време вечер да прошетаме. Со нетрпение ќе чекам!

**Јана:** Јас ќе дојдам, но не верувам дека мајка ми ќе дојде. Секој ден ѝ е испланиран. Секогаш станува во шест часот и се тушира. Обично дома го пие првото кафе, појадува и го шета кучето. Со работа почнува во 7:30 часот. На работа е до 13:30 часот, од понеделник до петок. На пат кон дома понекогаш пазари од блискиот маркет. Кога си доаѓа, секогаш е во кујната и подготвува ручек. По ручекот, понекогаш одмора, а потоа секогаш пијат кафе заедно со татко ми. Вели дека тоа е нејзино слободно време и го има испланирано за секој работен ден. Пред спиење обично пешачи, а понекогаш го зема и кучето. Никогаш не легнува прва, туку последна.

## РАЗГОВАРАМЕ

Што ќе прават Јана , Лејла и Мирјана?

Каде ќе ја пишуваат задачата?

Кој друг ќе биде со нив?

Кој нема да биде со нив? Зошто?

Неколку прашања за Марија, мајката на Јана. Кога станува? Што прави секое утро? Каде го пие првото кафе? Кога оди на работа? Што прави кога се враќа од работа? Дали има слободно време во текот на работните денови? Како го користи своето слободно време?

Обрни внимание кога се случуваат дејствата во текстот, а се поврзани со мајката на Јана!

## РЕЧНИК

**презентација, презентации; претпладне, на пладне, попладне, вечер;**

**Презентација** – претставување, изведба на нешто.

**Претпладне** – времето од утро до пладне (пред 12 часот).

**Пладне** – средината на денот (12 часот).

**Попладне** – времето од пладне до вечер (по 12 часот).

**Вечер** – првите часови на ноќта, до полноќ.

**Секогаш**, **обично**, **некогаш**, **понекогаш**, **никогаш**, **претпладне**, **попладне**, **вечер**. - прилози за време

### Вежба 1

**Нареди ги по временски редослед активностите на Марија!**

а) Оди на работа. ..........

б) Пазари. ..........

в) Пие кафе. ..........

г) Го шета кучето. ..........

д) Разговара со сопругот. ..........

ѓ) Се тушира. ..........

е) Пешачи. ..........

ж) Легнува да спие. ..........

з) Готви. ..........

ѕ) Се одмора. ..........

## ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

| несвршени глаголи | свршени глаголи |
|---|---|
| прави | направи |
| доаѓа | дојде |
| гледа | изгледа |
| кани | покани |
| планира | испланира |
| тушира | истушира |
| пазари | испазари |

На пример:

– Јана **прави** торта./ Јана **направи** торта.

– Доаѓа зима./Дојде зима.

– Арбен **гледа** интересен филм./ Арбен **изгледа** еден интересен филм.

– Арбен ја **виде** Јана./ Арбен ја **здогледа** Јана.

– **Се гледа** дека си учел./ Може да **се види** дека си учел





## ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

Според категоријата **вид**, глаголите во македонскиот јазик може да бидат глаголи од **несвршен вид** и глаголи од с**вршен вид**. Кога користиме глаголи од несвршен и од свршен вид изразуваме различни дејства. Со несвршените глаголи се искажува дејство кое е во процес, се одвива, а свршените глаголи означуваат дејство во неговата заокруженост. Во јазикот тоа изгледа вака: чита : прочита, гледа : погледна. Читам книга, а веќе имам прочитано две.

- **а) Несвршени глаголи** – означуваат дејство кое трае, кое се одвива, кое не е завршено.

На пример: чита, пее, плива.

Несвршени се и таканаречените повторливи глаголи. Тие означуваат трајно дејство што се одвива во прекини, но се повторува.

На пример: прелистува, превртува, прескокнува.

- **б) Свршени глаголи** – означуваат дејство кое го сфаќаме како целосно завршено.

На пример: прочита, испее, исплива.

**Вежба 2**

**Глаголите од табелата употреби ги за краток текст!**

## ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

- Прилози се неменливи зборови што ги дополнуваат глаголите кои дополнуваат каде, како, кога и колку се одвивало некое дејство.
- Освен глаголите, тие можат да дополнуваат и други зборови.

Примери на некои прилози за време: секогаш, обично, некогаш, понекогаш, никогаш, претпладне, попладне, вечер, утре, денес, задутре, во овој момент, сега итн.

На пример: Секогаш трчам наутро, никогаш навечер и понекогаш си легнувам рано.



## ВЕЖБИ И ЗАДАЧИ

### Вежба 1

**Напиши две работи што сакаш да ги правиш и две работи што не сакаш да ги правиш во слободното време со своите пријатели!**

| Сакам да правам | Не сакам да правам |
| --- | --- |
| | |
| | |

### Вежба 3

По примерот дополни ги речениците со: **секогаш, обично, некогаш, никогаш, понекогаш**.

Пример: Јас секогаш одам на часови, никогаш не пропуштам час.

По часовите обично одиме на игралиште, но некогаш одиме и на пица.

Јас станувам рано. .................... Одам на училиште.

.................... Мијам заби и лице. .................... Слушам музика.

.................... Се туширам. .................... Останувам дома.

.................... Рано појадувам. .................... Легнувам доцна.

.................... Учам за на училиште. .................... Играм на телефонот.

### Задача 1

Направи список со активности и хобија во слободното време за секој ден во седмицата! Употреби глаголи по твој избор и кажи каде одиш и што правиш!

На пример: Од понеделник до петок одам на училиште. Во слободното време еден час се одморам и потоа пешачам. До крајот на вечерта правам украси, бидејќи тоа е моето хоби.

ПОНЕДЕЛНИК ..........................................................................................................

ВТОРНИК ..........................................................................................................

СРЕДА ..........................................................................................................

ЧЕТВРТОК .................................................................................................................

ПЕТОК .......................................................................................................................

САБОТА .....................................................................................................................

НЕДЕЛА ......................................................................................................................

**Задача 2**

**ЗА ДОМА:** Одбери еден ден што ти беше најинтересен и претстави го преку **презентација** или **стрип**! Употреби ги својата креативност и својот талент и претстави ги настаните еден по еден!

(Креативен – да создадеш нешто на интересен начин.)



# ТЕМА 2

## МОЕТО СЕМЕЈСТВО – СЕМЕЕН ИЗЛЕТ, ПРОСЛАВИ, РОДЕНДЕНИ, ПРАЗНИЦИ, НОВА ГОДИНА, ПОДАРОЦИ, ГОСТИ

ЛЕКЦИЈА 7

# МОЕТО СЕМЕЈСТВО

## РАЗГОВАРАМЕ

– На што ве асоцираат зборовите?

– Како ги толкувате?

**Љубов,**
**брак, дом,**
**топлина, деца,**
**родители, грижа,**
**внимание, почит,**
**трпеливост,**
**среќа, радост,**
**семејство.**

### Семејство Петрови

Ние сме среќно семејство. Јас сум Гоце, сопруг на Маја. Имаме две деца – момче и девојче. Мила има 15 години, а Томе 12. Со нас живеат и моите родители. Живееме во голема куќа со убава градина.

### Семејство Шерифови

Јас сум Ердал, најстариот член во нашето семејство. Мојата сопруга се вика Кадрије. Ние имаме пет деца, три девојчиња и две момчиња: Мелиса (11), Бахар (9), Самира (3), Акан (19) и Ален (5) години. Живееме сами и немаме миленичиња. Често патуваме сите заедно.

### Семејство Селеџа

Јас сум Пјер. Имам мало семејство, имам само еден син, Жан, само ние двајца сме. Двајцата свириме на гитара и имаме музички бенд.

### Семејство Сулејманови

Ние имаме едно дете. Се вика Инес и е тринаесетгодишна ученичка. Набрзо ќе биде средношколка. Јас се викам Билгесу, работам во банка, а сопругот се вика Берат. Тој е шофер и често не е дома, па јас се грижам за домашните работи.

### Семејство Ивановии

Нашето семејство го сочинуваме јас и мојот сопруг. Се викам Билјана и сум горда што имам македонско народно име. Сопругот се вика Александар и често се шегува велејќи дека неговото име е понародно. Со сопругот немаме деца, имаме две сијамски мачки.

## РАЗГОВАРАМЕ

– Колку семејства се опишани? Дали се исти? По што се разликуваат? Кои членови ги сочинуваат семејствата? Што е интересно за секое од нив?

– Колку од вашите семејства наликуваат на некое од нив? Споредете и истакнете ги сличностите и разликите!

– Со кого вие живеете? Колку члена брои вашето семејство?

## РЕЧНИК

**семејство**, **семејства;**
**современ**, **современа**,
**современо**, **современи**
**традиционален**,
**традиционална**,
**традиционално**,
**традиционални;**
**сигурен**, **сигурна**, **сигурно**,
**сигурни**

Примери:

– Тие живеат во современо семејство, а ние во традиционално.

– Тој е сигурен во својата пресметка.



## ОД ЛЕКСИКАТА

**Синоними** – зборови со различна форма, а со исто значење. Различно се пишуваат и звучат, а исто значат.

Примери: семејство – фамилија, жена – сопруга, маж – сопруг, најскапоцен – највреден, куќа – дом, дар – подарок, мир – слобода, сака – љуби, одложува – остава за подоцна, доцна – касно.

**Антоними** – зборови со спротивно значење.

Примери: мал – голем, ден – ноќ, добар – лош, скапо – евтино, среќа – тага, мало – големо, среќно – несреќно.

### Вежба 1

**Дополни за да биде точно:**

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **еднина:** | момче | девојче | татко | мајка | ........ | ........ | дете |
| **множина:** | | ........ | татковци | ........ | дедовци | баби | ........ |

### Вежба 2

**Разговарајте во парови!**

Еден ученик да опише едно семејство од текстовите погоре, а другиот да погоди за кое семејство станува збор!

### Вежба 2

*** Напиши зборови со исто или слично значење (синоними):**

семејство .................... сопруг ....................

сопруга.................... мајка и татко ....................

*** Напиши зборови со спротивно значење (антоними):**

мајка .................... брат ....................

баба .................... момче ....................

## ЗАДАЧА ЗА ДОМА

Во рамката, залепи слика со сите членови на твоето семејство! Напиши ги нивните имиња и професии (кој што работи)! Под рамката (сликата), напиши што е интересно за твоето семејство!

**ЛЕКЦИЈА 8**

# ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА СЕМЕЈСТВОТО

## РАЗГОВАРАМЕ/СЛУШАМЕ

Учениците избираат една семејна фотографија од дома и ја носат в училиште.

Учениците претставуваат кој е кој, што е по професија, колку години има, дали работи/учи!

## ЧИТАМЕ/СЛУШАМЕ

**Семејството на Јана**

Здраво! Јас сум Јана, најголемото дете во нашето семејство. Секогаш сум насмеана и весела. Сакам да цртам и да танцувам, но во зима сакам и да скијам. Живеам во среќно семејство заедно со моите родители и мојот помал брат. Со нас живеат и родителите на татко ми, моите баба и дедо.

Мојата мајка се вика Марија. Работи како наставничка во едно основно училиште во нашиот град. Кога е дома, најмногу сака да разговара со мене и со мојот брат. Во слободното време оди на јога или пешачи со пријателките.

Татко ми се вика Петар. Тој е доктор. Голем дел од денот е на работа, а кога се враќа, најчесто е уморен. Сака да гледа телевизија и да свири на гитара. Понекогаш игра шах со мојот брат.

Магда е името на мојата баба. Таа и дедо ми се најстари членови во семејството. Баба е домаќинка, многу сака да раскажува приказни и случки од минатото. Се грижи за сите во семејството, ѝ помага на мама во кујната и ја чисти куќата. Баба ја прави најубавата пита на светот. Ја сакам најмногу од сите, ама не го кажувам тоа пред другите. ☺

Дедо Мице е белобрад старец, кој не е толку стар како што изгледа. Секогаш е весел и расположен за играње карти во дворот пред зградата каде што живееме. Најчесто таму го наоѓаме седнат на клупата со останатите дедовци од зградата. Тој е задолжен за одење на пазар секое утро, тоа е негово хоби. Среќен е кога помага дома.





## РАЗГОВАРАМЕ

Кој го сочинува семејството на Јана? Што се по професија родителите на Јана? Дали семејството на Јана е слично со твоето? Можеби некој член од нејзиното семејство е сличен со некој член од твоето семејство. Кој е тој? Што работат членовите во твоето семејство? Дали знаеш други професии? Кои? Што сакаш да биде твоја професија во иднина? Зошто?

### Вежба 1

**Пополни за семејството на Јана.**

На пример:

Петар Јас сум татко на Јана и Иван.

.................... Имам баба и дедо.

.................... Јас сум доктор.

.................... Сакам да готвам.

.................... Внуците велат дека јас ја правам најубавата пита.

.................... Мојата мајка е наставничка.

.................... Мојата сопруга е домаќинка.

.................... Јас сум брат на Јана.

.................... Наши родители се Марија и Петар.

.................... Наши деца се Јана и Иван.

## РЕЧНИК

работи, работам, работиш;
раскажува, раскажувам, раскажуваш;
прави, правам, правиш;
чисти, чистам, чистиш
помага, помагам, помагаш;
професија, професии;
родител, родители;
домаќинка, домаќинки;
белобрад

**Професија** – главна дејност на луѓето со која обезбедуваат егзистенција (опстанок).

**Домаќинка** – се грижи за домашните работи, не работи на друго место.

**Родители** – мајка и татко.

**Љубов** – чувство кога сакаме некого, мајчинска љубов.

Пример: Тој е мојата прва љубов.

**Брак** – законска врска меѓу маж и жена.

**Пешачи** – оди пешки.

Дете/деца, син, ќерка, внук, внука, сопруг, сопруга, пријател = другар, член/членови.

**Белобрад** – со бела брада, старец, дедо.

**Јога и шах** – вид спортови.

### Споредуваме

**Како на твојот мајчин јазик се вели: По професија сакам да сум среќен?**

## УЧИМЕ ПРОФЕСИИ

**Прочитај и размисли!**

Што работат луѓето на сликата?

Почнете: Ова е полицаец. Тој работи во полициска станица. Се грижи за безбедноста.

**Имињата на професиите се општи именки. Може да бидат во машки или во женски род**. Се пишуваат со мала буква, освен кога ќе се најдат на почетокот на реченицата. На пример: доктор, фармацевт, келнер, механичар, таксист...

Наставничката ме пофали пред сите во одделението, мојата презентација многу ѝ се допадна.

Некои професии, иако се јавуваат во двата рода, сепак, може да се пишуваат само во машки род. На пример: доктор/лекар, наставник, инженер, архитект, педагог, пожарникар итн.

Деспина е успешен електроинженер. Таа работи во ЕВН и има 30 години.






ПОЛИЦАЕЦ


ПОЖАРНИКАР


ГОТВАЧ


СТЈУАРДЕСА


НАСТАВНИК


АСТРОНАУТ


ДОКТОР


БАЛЕРИНА


ПЕКАР


ВАЈАР


КЕЛНАР


МЕСАР


ИНЖЕНЕР


ШИВАЧ


ВЕТЕРИНАР


СЛИКАР


ФРИЗЕР



РЕПОРТЕР


ВОЈНИК


ФОТОГРАФ


ЗЕМЈОДЕЛЕЦ


ПРОДАВАЧ


КАМЕРМАН


АКТЕР


ОПЕРСКИ ПЕЈАЧ

## Вежба 1

**Со помош на илустрацијата со примери за професии (погоре), со соучениците и наставникот точно пополни ја табелата! Внимавај, некои професии не се јавуваат во секој род!**

ИМЕНКИ (професии)

| **машки род** – еднина | **женски род** – еднина | машки и женски род – **множина** |
|---|---|---|
| пожарникар | / | пожарникари |
| / | медицинска сестра | медицински сестри |
| наставник | наставничка | наставници |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

## Вежба 2

**Напиши две реченици во кои ќе ја наведеш професијата на два члена од твоето семејство! На пример: Мојот син е програмер. Тој работи од дома.**

........................................................................

........................................................................

........................................................................

## Задача

**Играјте ја играта „Пантомима“ на тема: „Сакам да бидам...“!**

**Поделете се во двојки! Прво, едното другарче од парот со движења претставува што сака да биде во иднина. Другото другарче од парот треба да ја погоди професијата. Потоа, сменете си ги улогите!**





**ЛЕКЦИЈА 9**

# МОЕТО ПОШИРОКО СЕМЕЈСТВО

**ИГРА „РАСИПАН ТЕЛЕФОН“**

Учениците седнуваат во круг. Наставникот дошепнува еден збор на еден од учениците. Ученикот има задача да го шепне зборот на ученикот до него, и така сè до последниот ученик, кој треба да го каже зборот. Првиот ученик кажува дали е точно пренесен зборот. Зборовите се запишуваат на табла. Така се продолжува сè додека не се кажат зборовите кои треба да дадат асоцијација на зборот СЕМЕЈСТВО, кој го запишуваме на табла.

За примери може да се искористат зборовите од Лекција 7 (љубов, брак, деца, грижа, родители, среќа, современо, традиционално итн.).

## ЧИТАМЕ/ РАЗМИСЛУВАМЕ/ ТОЛКУВАМЕ

**Семејството е „место“ каде што се чувствуваме најдобро.**

„Семејството е најскапоцениот дар.“

„Не е важно колку е голема нашата куќа, важно е во неа да има љубов.“

„Семејството е како гранки на дрво, сите растеме во разни насоки, но нашите корења остануваат едно.“

## РАЗГОВАРАМЕ

Како ги разбираш цитатите? Зошто некој рекол дека семејството е најголем подарок за секој од нас? Дали среќата се мери преку богатството? Дали тој што живее во голема куќа е секогаш среќен или тој што живее во мала куќа е секогаш несреќен?

Со што е споредено семејството во последната мисла? Кои се негови „гранки“, а кој е „коренот“?

Дали знаеш дека сите членови од поширокото семејство се роднини? Дали ги познаваш сите? Кој го сакаш најмногу од твоето семејството? Со кој имаш најдобра комуникација? Дали сакаш да промениш нешто во твоето семејство и што е тоа?

## РЕЧНИК

**Благослов** – изразување добра желба кон некого, за здравје, среќа, успех.

Пример: Родителите им дадоа благослов на своите деца. (Кумов благослов итн.)

**Потпре** – стави потпор на нешто за да стои цврсто.

**Скапоцен/поскапоцен/најскапоцен** – кој чини многу пари, многу вреди.

Пример: Златото е скапоцен метал, рубинот е поскапоцен, а љубовта меѓу луѓето е најскапоцена.

**Гранка** – дел од дрво.

На пример: маслинова гранка, зелена гранка, сува гранка итн.

Преносно значење: Сликарството е гранка на уметноста.

**Дрво** (едн.)/**дрва** (мн.) – повеќегодишно растение со корен, стебло и гранки.

**Дрво/дрва** (за огрев).

### МОЕТО ПОШИРОКО СЕМЕЈСТВО

**Мила**



### СЕМЕЈСТВОТО НА МАМА

Мама има еден брат и една сестра, Павле и Зора. Павле ми е **вујко**, а Зора ми е **тетка**. Сопругата на Павле ми е **вујна**, а сопругот на Зора ми е **тетин**.

Симона, Зоран и Лиле се мои **братучеди**. Братучетката Лиле е најголема од нив (**дада**).

### РОДИТЕЛИ:

Билјана – **мајка.**

Аце – **татко.**

**Деца:**

Мила и Ана – **ќерки.**

Ведран – **син**, наш постар **брат.**

Ана – помала **сестра**.

**Баба и дедо:**

Босилка и Симо – родители на мама.

Борка и Наум – родители на тато

### СЕМЕЈСТВОТО НА ТАТО:

Тато има двајца **браќа**, Никола и Миле. Тие ми се **чичковци**, а нивните сопруги, Весела и Ленче, се мои **стрини**.

Сестра му, Калина, ми е **тетка,** а Јован, нејзиниот сопруг, е мој **тетин**. Нивните деца се мои **први братучеди**. Мартин е **син** на чичко ми Никола, а Ева и Елена се **ќерки** на **чичко** ми Миле.

**Тетка** ми Калина има три **ќерки** – **близначки**: Верица, Неда и Љупка, кои најмногу ги сакам.

**За моите родители јас сум ќерка, а за сите останати членови во семејството (освен за моите брат и сестра) јас сум внука.**





## ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **еднина** | дете | ќерка | син | мајка | татко | снаа | зет | баба | дедо |
| **множина** | деца | ќерки | синови | мајки | татковци | снаи | зетовци | баби | дедовци |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **еднина** | тетка | тетин | вујко | вујна | чичко | стрина | батко | дада |
| **множина** | тетки | тетиновци | вујковци | вујни | чичковци | стрини | батковци | дади |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **еднина** | братучед | братучетка | сопруг | сопруга | сват | сваќа |
| **множина** | братучеди | братучетки | сопру**зи** | сопру**г**и | сватови | сваќи |

### Вежби

**1. Пополнете!**

На пример:

Аце е **<u>сопруг</u>** на .................................. .

Калина е .................................. на Јован.

Верица, Љупка и Неда се .................................. Калина и Јован.

Мартин е .................................. на Никола и Ева.

Мила е .................................. на Ана и Ведран.

Босилка и Борка се .................................. на Мила, Ана и Ведран.

Лиле е .................................. на Мила.

Наум и Симо се .................................. на Мила.

### Вежби

**2. Напиши по еден збор на секое празно место!**

а) Јас сум нејзин татко. Таа е моја .................................. .

б) Јас сум нејзин сопруг. Таа е моја .................................. .

в) Јас сум негов татко. Тој е мој .................................. .

г) Ние имаме три .................................. . Еден син и две ќерки.

д) Ние имаме едно .................................. . Тоа е женско.

### Задача

**Работа во парови**. Направете краток дијалог со кој ќе го претставите своето семејство и ќе го/ја прашате другарот/другарката да го претстави своето семејство!

ЛЕКЦИЈА 10

# СЕМЕЕН ИЗЛЕТ

## СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

Денот беше сончев, беше предвиден за излет. Сонцето огреало веќе одамна. Јана беше среќна, денот ќе го помине во природа заедно со своите братучеди. Сите ќе бидат заедно и ќе уживаат во убавиот ден. Чичко Јован, братот на нејзиниот татко, веќе дошол во дворот. Знае тој да ги израдува децата, го светнал новиот автомобил и ги чекаше трпеливо.

– Побрзајте со подготвувањето! – се огласи.

Иван трчајќи го зема ранецот со храна и за миг сите се најдоа долу. Се изненадија кога ги видоа Весна и Ива, децата на тетка Роза, сестрата на мајка им.

– Па, ова ќе биде вистински семеен излет! – се израдува Иван.

Тргнаа. Сите знаеја дека дишењето чист воздух е корисно за здравјето, па често заминуваа на блиската планина. Возејќи се видоа многу возила и извидници кои ја чистеа околината. Убаво е кога ќе видиш дека луѓето ја чуваат природата и уживаат во неа.

Стигнаа, и децата со нетрпение први се упатија до шумскиот извор за да се разладат. Чичко Јован како да ги прочитал нивните мисли: донел постилка за седење, земал чадор ако заврне, но не ја заборавил ниту топката. Децата беа среќни. Играа, собираа шишарки и правеа некакви фигури, газеа на сувите паднати лисја и се забавуваа. Смеењето одекнуваше во далечината, а времето брзо минуваше. Приквечер се вратија дома, расположени и радосни што поминаа заедно уште еден убав семеен ден.

Секогаш сме среќни кога сме со најблиските. Семејството е сигурност за секој од нас.

## РАЗГОВАРАМЕ

За што се раскажува во текстот? Со кои ликови се сретнуваме во приказната? Колку семејства биле на излет? Што значи семеен излет? Колку деца броеле прикажаните семејства? Какви роднини биле? Кои членови го сочинуваат потесното семејство на Јана? Кои членови од поширокото семејство на Јана биле на излет?

## ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

**Неличните глаголски форми** не се менуваат по лица.
Во македонскиот јазик се разликуваат следниве нелични глаголски форми:

1. Глаголска л-форма.
2. Глаголска именка.
3. Глаголска придавка.
4. Глаголски прилог.

**1. Глаголска л-форма**
(глаголи + -л, -ла, -ло, -ле): играл, играла, играло, играле.

Зборовите завршуваат на:

**-Л** (машки род еднина): трчал, учел, читал, зборувал.

**-ЛА** (женски род еднина): трчала, учела, читала, зборувала.

**-ЛО** (среден род еднина): трчало, учело, читало, зборувало.

**-ЛЕ** (за сите три рода во множина): трчале, учеле, читале, зборувале.

## РЕЧНИК

**помине**, **поминав**, **поминеш**;
**ужива**, **уживам**, **уживаш**
**чека**, **чекам**, **чекаш**;
**разлади**, **разладам**, **раздладиш**;
**чисти**, **чистам**, **чистиш**;
**дише**, **дишам**, **дишеш**;
**гази**, **газам**, **газиш**;
**упати**, **упатам**, **упатиш**;
**зема**, **земав**, **земаш**;
**заборави**, **заборавам**, **заборавиш**;
**излет**, **излети**;
**ранец**, **ранци**;
**шишарка/шишарки**;
**фигура**, **фигури**;
**извор**, **извори**;
**расположен**, **расположена**, **расположени**
**далечина**

**Семеен** – кој не е сам, сврзан со семејството.

Пример: Денес ќе се собереме на семеен ручек.

**Предвиден** – нешто што се планира.

**Излет** – кратко патување во природа.

**Огрее/изгрее** (сонце, месечина) – се појавува, одамна.

**Ужива** – чувство на радост и задоволство.

**Се огласи** – се јави.

**Ранец** – голема торба.

**Шишарка**/шишарки – плод на зимно дрво.

**Фигура**/фигури – надворешен изглед на нешто.

**Извор** – место каде што извира нешто (вода, нафта, среќа).

**Разлади** – направи нешто да стане ладно.

**Одекнува** – се слуша силно.

**Далечина** – растојание меѓу две точки.

**Гази** – стапнува со нозе.

**Расположени** – пријатно чувство кое дава полет и убава енергија.

## Вежба 1

**Врати се на текстот „Семеен излет" погоре и пронајди ги глаголските л-форми во зборовите! Препиши ги на линиите подолу!**

## Вежба 2

**Од глаголите во текстот образувај глаголска л-форма!**

Пример вака: Јана дошла среќна од училиште. Донела петка на тестот по Македонски јазик.

Јана **дојде** среќна од училиште. **Донесе** петка на тестот по Македонски јазик. Мама **скокна** од среќа и веднаш ја **гушна**. Јас **се исплашив,** бидејќи **не разбрав** за што станува збор. Ѝ **честитавме** со тато, а мама **отвори** кутија со чоколада. Сите **јадевме** и се **смеевме**.



## Задача

**Текстовите погоре завршуваат со една порака. Објасни ја!**

СЕМЕЈСТВОТО Е СИГУРНОСТ ЗА СЕКОЈ ОД НАС, ТОА Е НАШАТА СИЛА

## Споредуваме

**Дали на твојот јазик постои ваква или слична изрека?**





**ЛЕКЦИЈА 11**

# СЕМЕЈНО ДРВО – ПОСТЕР СО ЧЛЕНОВИ НА ПОТЕСНОТО И ПОШИРОКОТО СЕМЕЈСТВО

## СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

| | |
|---|---|
| брат | тетка/тетин |
| сестра | чичко/стрина |
| мајка | вујко/вујна |
| татко | братучеди |
| баба – дедо | братучед |
| дада | братучетка |
| бато | |

## РАЗГОВАРАМЕ

Дали знаете што значат сите зборови? Дали оваа табела може да ја пополниме со уште имиња на членови на поширокото семејство? Колку знаете за своето семејство? Дали сите семејства се исти? Кои од избраните членови ги имаат вашите семејства?

Креативно да ги претставите врските меѓу членовите во семејството и да стекнете сознанија за своите корени!



## ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

**Именки за изразување чувствен однос – деминутиви и аугментативи.**

**Деминутиви** – зборови што означуваат нешто смалено или галовно. Најчести наставки за образување се: **-е, -че, -уле** и **-енце** (носе, столче, прстуле, раченце).

Пример: бате, даде, детуле, чиче, нине, маме, тате.

**Аугментативи** – зборови што означуваат нешто зголемено или означуваат подбив. Најчести наставки се: -**иште** и **-ина.**

Пример: бабиште, мажиште, жениште.

### Вежба 1

Со помош на колаж-хартија направете дрво!
Исечете мали налепници (стикери) на кои ќе ги нацртате (напишете) членовите на семејството!

Залепете ги на дрвото и под секоја налепница (стикер) напишете го името!

### Вежба 2

Презентирајте го пред соучениците!

Дома, ставете го во рамка и закачете го на ѕидот! ☺



ЛЕКЦИЈА 12

# ПРОСЛАВИ

## ЧИТАМЕ/СЛУШАМЕ

### Свадба

Свадбата е еден од најубавите поводи за **славење**. Во Македонија може да присуствувате на разни видови веселби по овој повод, било христијански или муслимански. Од мали забави што се организираат дома, до големи и скапи свадбени веселби во ресторан. Тоа зависи од желбата на младите, во зависност од тоа како сакаат да изгледа ова **случување** и, секако, од материјалните можности на семејствата. Сакајќи да им помогнат на младенците, **плаќањето** најчесто е препуштено на родителите. Ако невестата и младоженецот се одлучат за голема свадба, тогаш, независно дали свадбата е христијанска или муслиманска, таа е проследена со многу свадбени обичаи, многу гости и сватови и со многу дарови. Во некои семејства свадбата трае и по неколку дена. Свечениот чин на **стапување** во брак се одвива пред матичар. Свадбената веселба продолжува во некој ресторан или на некое убаво место на отворено, украсено за овој чин. Таму, свадбената веселба најчесто започнува **со наздравување** за среќен заеднички живот на младенците.





## РЕЧНИК

**присуствува**, **присуствувам**, **присуствуваш**;

**проследува**, **проследувам**, **проследуваш**;

**наздравува**, **наздравувам**, **наздравуваш**

**свадба**, **свадби**;

**невеста**, **невести**;

**повод/поводи**;

**забава**, **забави**;

**Брак** – заедница на маж и жена.

**Свадба** – прослава по повод склучување брак.

**Обичај/обичаи** – постапка која се повторува низ годините.

**Гости** – луѓе кои ве посетуваат со или без повод.

**Сват/сватови** – гости на свадба.

**Дар/дарови** – она што се дава некому.

**Матичар** – лице кое венчава.

**Чин/чинови** – дел од претстава.

**Невеста** – млада девојка кога стапува во брак.

**Младоженец** – маж кога стапува во брак (множина: **младоженци**).

**Присуствува** – се наоѓа некаде.

## РАЗГОВАРАМЕ

За која прослава станува збор во текстот?

Какви забави се прават по повод стапување во брак?

Што се прави и на христијанските и на муслиманските свадби?

Знаеш ли некоја свадбена здравица?

### Споредуваме

**Како на твојот мајчин јазик се искажуваат некои благослови или добри желби за долга љубов и разбирање?**



## ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

**Нелични глаголски форми**

**Глаголската именка** се образува од глаголи кои се во несвршен вид. Глаголската именка означува име на дејство, а се однесува како именка, има род, множина и се членува.

**Глаголски именки** (некои несвршени глаголи + -ЊЕ, поретко -НИЕ/-ТИЕ).

<u>На пример:</u> трчање, учење, читање, зборување, слушање, пишување; решение, соопштение, издание.

<u>На пример:</u> носење, викање, плетење, читање, седење, пиење, јадење.

Јаде – јадење (еднина, среден род); јадења (множина).

Членувана форма во еднина: јадењето, јадењево, јадењено.

Членувана форма во множина: јадењата, јадењава, јадењана.

Од некои свршени глаголи се образуваат глаголски именки со наставките: **-ние, -тие.**
На пример: одделение, издание, решение, покритие.

**Глаголските именки може да се заменат со лични глаголски форми.**

<u>На пример:</u> Свадбата е еден од најубавите поводи за славење./ Свадбата е еден од најубавите поводи да славиме.

### Вежба 1

Напиши три реченици и употреби некои од понудените **глаголски именки**: <u>трчање</u>, <u>читање</u>, <u>слушање</u>, <u>пишување</u>, <u>носење</u>, <u>славење</u>, <u>играње</u>!

На пример: Денес со **трчање** стигнав до училиштето.

1. ......................................................................

2. ......................................................................

3. ......................................................................

**Задача**

Размисли и направи постер на тема: Прослави во семејството! (Истиот ќе биде закачен на јазичното катче во училиштето.)

ИМЕНДЕН

ПРАЗНИЦИ

**ПРОСЛАВИ ВО СЕМЕЈСТВОТО**
☺

РОДЕНДЕН

СЛАВА

ПРОСЛАВА

ЛЕКЦИЈА 13

# РОДЕНДЕН

## ЧИТАМЕ/СЛУШАМЕ

**Честитка , желби, радост, среќа, конфети, вино, роденденски капи, торта, свеќички, подароци, гитара, музика, гости, изненадувања, сок, пиво, балони, убави желби, послужува (гости), покана, дува свеќички, години, слави.**

## РАЗГОВАРАМЕ

– Дали си ги слушнал истакнатите зборови? Каде и кога?

– Кои од зборовите ти се познати?

– Со што ќе ги поврзеш зборовите, на што те асоцираат?

– Кога си роден? Во кое годишно време?

– Дали го прославуваш роденденот?

## РЕЧНИК

**танцува**, **танцувам**, **танцуваш**

**послужува**, **послужувам**, **послужуваш**

**поканува**, **поканувам**, **поканува**ш;

**роденден**, **родендени**;

**честитка/честитки**;

**конфета/конфети**;

**капа/капи**;

**балон**, **балони**;

**покана/покани**

**готара**, **гитари**;

**изненадување.**

**Роденден** – ден на кој некој е роден.

**Честитка** – картичка за честитање.

**Конфети** – разнобојни парчиња хартија со кои се посипуваат луѓето на забава.

**Вино** – алкохолен пијалак.

**Роденденски капи** – капи за главата.

**Торта** – голем колач во неколку слоја.

**Подарок/подароци** – нешто што се дава на друг.

**Гитара** – жичен музички инструмент.

**Изненадување** – неочекувана постапка.

**Балон/-и** – детска играчка што се дува.

**Желба/-и** – да сакаме нешто.

**Послужува** (гости) – почести со храна и пијалак.

**Покана** – повик за учество во нешто.





## ЧИТАМЕ/СЛУШАМЕ

**Јана:** Здраво, Лејла! Што правеше синоќа? Беше ли на роденден кај Билјана?

**Лејла:** Здраво! Бев, роденденот беше супер. Имаше убава музика и забава.

**Јана:** Дали имаше многу луѓе?

**Лејла:** Да, многумина од нив не ги знаев. И Горан беше таму, цело време стоеше до мене или играше со мене.

**Јана:** Што зборувавте?

**Лејла:** Не можевме да зборуваме премногу од гласната музика, само си испраќавме погледи. Си пишувавме на телефоните.

**Јана:** Оф, како не го видов тоа! Ти како беше облечена?

**Лејла:** Ги носев новите фармерки и новата бела блуза.

**Јана:** Каква беше тортата, имаше ли свеќички, раскажи ми!

**Лејла:** Сè беше добро организирано. Имаше многу храна и пиење. Собата беше украсена со балони во разни бои, тортата беше голема и цветна. Билјана наполни 15 години и толку свеќички имаше на тортата. Додека ѝ пеевме кога ги дуваше свеќичките, ја изненадивме со конфети. Билјана беше пресреќна.

**Јана:** Колку убаво! Жал ми е што не можев да дојдам. Сигурно добила убави подароци, ќе ни раскаже. И јас така би сакала да го прославам мојот роденден, иако е во лето, кога сме на распуст. Сепак, се надевам дека ќе бидете тука, сè ќе испланирам и ќе ве поканам. Лејла, се извинувам, морам да исклучам, ме вика мама. Ќе се видиме на училиште и ќе зборуваме.

**Лејла:** Ајде, довидување!



## РАЗГОВАРАМЕ

1. Напиши ги зборовите на кои им го знаеш значењето!

2. Заеднички, со соучениците и со наставникот, објаснете ги и запишете ги!

3. **Одговори на прашањата поврзани со дијалогот!**

- Каде беше Лејла?
- Каква беше забавата?
- Како (во што) беше облечена?
- Каква беше музиката?
- Кој беше на забавата?
- Дали на забавата сите играа?
- Кој кому му испраќаше пораки?
- Колку години наполни Билјана?
- Што имаше подготвено Билјана за роденденот?
- Дали дуваше свеќички? Колку?
- Какво изненадување ѝ приредија другарите?

### Задача

**Напиши за себе:**

– Кога си роден/-а, во кое годишно време?

– На кој датум е твојот роденден?

– Колку години имаш?

– Дали се сеќаваш каде и како го прослави твојот последен роденден?

– Колку гости имаше?

– Што ги послужи гостите на твојот последен роденден?

– Дали дуваше свеќички?

– Какви подароци доби?

**НАПРАВИ ПЛАН КАКО САКАШ ДА ГО ПРОСЛАВИШ ТВОЈОТ ИДЕН РОДЕНДЕН!**





ЛЕКЦИЈА 14

# ПРАЗНИЦИ

## РАЗГОВАРАМЕ

Што е тоа празник? Каков е тој ден? По што се разликува празникот од другите денови? Какво е расположението за време на празниците? Дали е празник кога е работен ден?

**ЗАВРШИ ЈА РЕЧЕНИЦАТА:**

**„КОГА ЌЕ КАЖАМ ПРАЗНИК МИСЛАМ НА...“**

ИМЕНУВАЈ ГИ ВАШИТЕ **СЕМЕЈНИ** ПРОСЛАВИ И ПРАЗНИЦИ!

КОЈ КАКО СЕ ПРОСЛАВУВА

ИМЕНУВАЈ ГИ ПРАЗНИЦИТЕ КОИ СЕ ПРОСЛАВУВААТ ВО **СЕМЕЈСТВАТА ОД ДРУГИТЕ ЕТНИЧКИ ЗАЕДНИЦИ** КАЈ НАС!

**Споредуваме**

**Како на твојот мајчин јазик се вели: празниците се слават со пријатели и роднини?**

# ЧИТАМЕ/СЛУШАМЕ

## Празници и поводи

Седејќи и пиејќи го мојот омилен чај, размислував за празниците коишто се ближат. Додека размислував, мајка ми ми довикна: „Деспина, те молам, дојди да ми помогнеш!“

Помагајќи ѝ мојот ум одлета во родното место на мајка ми. Таа е родена во Охрид, покрај убавото Охридско Езеро. Се растреперив. Кога би била сега во цветниот двор на баба и дедо, играјќи си со братучедите, ќе уживав во чистиот воздух од блиските планини. За жал, оваа година не би можеле да ги посетиме баба и дедо за Велигден. А колку е убаво славењето на празниците таму! Има голем метеж, но сите сме весели и среќни. Таму се среќаваме со вујко ми и со сестрите на мајка ми и нивните семејства.

Се сеќавам дека жените во семејството стануваа в зори во четвртокот пред празникот и традиционално бојадисуваа црвени јајца. Потоа, ги чувавме до полноќ во сабота, па одевме во црква пеејќи радосни песни и кршејќи се со јајцата меѓу себе, го славевме Христовото воскреснување. Секоја пролет со нетрпение го чекам Велигден, а секоја зима, Бадник и Божиќ. Убави се празниците.

Последната зима за Божиќ бевме кај баба и дедо во Охрид. Целото семејство беше собрано на едно место. Палејќи Бадников оган и месејќи пита, го прославивме еден од најубавите христијански празници, Божиќ. Лепчето со паричка беше направено од баба ми, а паричката се падна кај мене. Би сакала и оваа година сите празници да ги славиме кај баба и дедо.



## РЕЧНИК

**бојадисува**, **бојадисувам**, **бојадисуваш**;

**крши**, **кршам**, **кршиш**;

**пали**, **палам**, **палиш**;

**радост**, **тага**, **жал**

**ум**, **умови**;

**роден**, **родна**, **родно**, **родни**;

**цветен**, **цветна**, **цветно**, **цветни**;

**леб**, **леба**, **лебови**

**Радост** – чувство на среќа.

**Жал** – чувство на тага

**Омилен** – што е сакан.

**Ум** – способност на човекот да мисли.

**Родно место** – каде што некој е роден.

**Цветен двор** – градина со цвеќиња.

**Шарени цветови** – цветови во многу бои.

**Полноќ** – средината на ноќта.

**Краси** – украсува/дотерува, разубавува.

**Бојадисува** – премачкува со боја. Се ближи – доаѓа.

**Леб (лебови)** – основен прехранбен производ. Лепче (деминутив) – лепче со паричка (за празник, слава, и сл.).

**Славено** – празнувано. Слава/слави.

**Крши** – нешто ситни со употреба на сила. Но, крши снага – го извива телото при одење; крши правила – не се придржува на договор. За таа работа, тој многу се кршеше (се двоуми).

**Пали** – кога нешто гори. Но, пали нешто – уништува со оган; пиперките палат – многу лутат; сонцето пали – многу е топло; тој пали, тој гаси – многу е главен; ме пали во грлото – пече.

ХРИСТИЈАНСКИ ПРАЗНИЦИ:

**Велигден** – Христово воскресение (воскреснување),

**Бадников оган, Бадник** – ден пред Божиќ (Христово раѓање).

## ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

Глаголски прилог се образува од несвршени глаголи и наставката: **-јќи.**

**Глагол + -јќи = глаголски прилог.**

Чита + -јќи = читајќи, учи + -јќи = учејќи, оди + -јќи = одејќи.

Кај глаголите од а-група, наставката се додава зад основниот вокал а: чита – читајќи, игра – играјќи, вика – викајќи.

Кај глаголите од и-група и е-група, наставката се додава на основниот вокал е: носи – носејќи, коси – косејќи, оди – одејќи; плете – плетејќи, мие – миејќи, пее – пеејќи.

**Со глаголскиот прилог се искажува дејство што се врши паралелно со некое друго дејство во реченицата.**

На пример: **Одејќи** накај училиште го сретнав Митре.

(Значењето на одејќи е дека во исто време додека одев накај училиште го сретнав Митре.)

**Дејствата искажани со глаголскиот прилог и личната глаголска форма секогаш имаат еден ист вршител.**

Во примерот, дејствата: одејќи ги и сретнав, се извршени од подметот јас.

На пример: Одејќи накај училиште Јана го сретна Митре.

Во овој пример, дејствата: одејќи и сретна се извршени од **подметот Јана**.





## Вежба 1

Образувај глаголски прилози од глаголите: зборува, седи, гледа, учи!

На пример: зборувајќи.

1. Поврзи ги дејствата во речениците образувајќи глаголски прилог!

(Пример:
Мачето мјаукаше и гребеше по ѕидот.

Мачето мјаукаше гребејќи по ѕидот.

а) Таа се смееше додека свиреше.

б) Врнеше дожд кој ги поплави улиците.

в) Додека влегуваше, тој ги забележа гостите.

## Задача

**Работете во парови со другарчето до тебе! Напишете дијалог за тоа како учествувате во одбележувањето на празниците во вашето семејство!**

На пример:

– Дали ја украсувате елката за Нова година?

– Дали за роденден помагате околу украсувањето на тортата, поставувањето на масата или организирањето на забавата?

– Дали пречекувате гости за слава или за именден?

– Дали бојадисувате и украсувате јајца за Велигден?

– Дали правите колачи или баклава за Бајрам?

ЛЕКЦИЈА 15

## ЧИТАМЕ И СЕ ПРОВЕРУВАМЕ

### Задача

Секој нека избере еден од текстовите, текстот да се прочита и потоа да се одговорат прашањата и вежбите. По завршувањето, секој се проверува со соученикот со кој седи.

**Задоцнета порака**

Под клупата каде што седи Весна, која еднаш многу го сакаше Огнен, а тој гледаше во други девојчиња, дури најпосле остави ваква вест:

„Давам изјава, трајна и чесна, дека меѓу сите девојчиња најмногу ја сакам Весна!“

Но, под клупата своја и тој најде одговор брз:

„Многу ми е жал, полето сега со трактор се ора, а ти доцниш ко престарен плуг! Не мисли веќе на мене – СЕГА САКАМ ДРУГ!“

Горјан Петревски

## РАЗГОВАРАМЕ

– Под чија клупа има писмо?

– Кој напишал писмо?

– Што се вели во писмото?

– Како вратила Весна?

## РЕЧНИК

Напиши ги сите зборови кои ги среќаваш првпат. Најди го нивното значење или напиши што мислиш дека значат.

### Вежба 1

Прераскажи го овој краток текст со свои зборови.

**Светулка на писмото**

Постојано очекувам оној Дејан да ми напише дека мене ме сака. Кога би знаела дека е така, ќе му допуштам на прошетките низ паркот да ме држи за рака.

Сакам дури и светулка да станам и навечер крај прозорец да му летам. И додека ми пишува дека ме сака – НАД ПИСМОТО ЌЕ МУ СВЕТАМ!

Горјан Петревски

## РАЗГОВАРАМЕ

– Знаеме ли кој мечтае за Дејан?

– Што чека раскажувачката?

– Што сака да стане таа?

## РЕЧНИК

Напиши ги сите зборови кои ги среќаваш првпат. Најди го нивното значење или напиши што мислиш дека значат.

### Вежба 1

Прераскажи го овој краток текст со свои зборови.